Арх. 2022_0202_19 од 16.02.2022 г

Управниот одбор на Друштвото за осигурување УНИКА А.Д Скопје на седница одржана на ден 16.02.2022 год. ја донесе следната

# ОДЛУКА

## Член 1

Се менуваат и дополнуваат Услови за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР број 2020_0202_195 од 30.12.2020

## Член 2

Точка 9 од членот 4 се менува и гласи :

9. Разбојнички или други напади, , или штети предизвикани од страна на лица кои на нелегален начин се превезувале, или влегле, или се обиделе да влезат, или се обиделе да се превезуваат во возилото на осигуреникот ( вклучително и штети предизвикани од мигранти, азиланти, нелегален транспорт на луѓе и слично );

## Член 3

Условите за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР и нивните измени да се објават на веб страната на УНИКА АД Скопје.

## Член 4

Овие измени стапуваат на сила на 01.03.2022 година

## Член 5

Се задолжува Секторот за правни работи, управување со човечки ресурси и усогласеност со законска регулатива условите да ги изготви во соодветна форма согласно законските прописи и во рок од 5 дена од донесување на оваа одлука да ги достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

*Образложение :*

Друштвото за осигурување во рамки на постапката за ревизија на Условите за осигурување, пристапи кон измени и дополнувања во Услови за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт-ЦМР во насока на дефинирање на обврските на договорните страни .

Новите услови ке се применуваат за договори склучени од 01.03.2022 година.

УНИКА А.Д. Скопје
Претседател на Управен одбор
Дритон Азизи